


**Автобус / 7 ноќевања**
**Цена: 335 €**
*20.04 – 03.05.2012*

**Програма на патувањето:**

**1 ден: Белград – Хрватска – Словенија – Италија:**

**20 Април** - Поаѓање од Белград околу пладне 12:00 часот од паркингот на Сава Центар. Возење преку Србија, Хрватска, Словенија и Италија со попатни задржување поради освежување и регулирање на гранични и carински формалности.

**2 ден: Франција – Шпанија – Женева**

**21 Април** – По ноќното возење, минуваме низ француските Алпи ( Шамони – Мон Блан, најголемиот врв во Европа ) и по кратката процедура на француско – швајцарската граница, пристигнуваме во Женева – нашата прва точка во која правиме пауза од 9 часа. Тука ќе го искористиме времето за обиколка на овој монденски град, сместен на ривиерата на Женевското езеро. Еден одјубавите Европски градови бил еден од најнаселените во праисторијата, а со почетокот на новата ера се појавува и големата келтско – германска населба. Оваа населба ја освоиле Римјаните, а од тој период датира и денешното име на градот. Разглед на градот: Катедралата Свети Петар, Палатата на УН, цветниот часовник, водоскокот, споменикот Жан Жак Русо, споменикот на Протестанската Реформација .... Слободно време до поаѓањето за Сан Себастија во вечерните часови... ноќно возење.

**3 ден: Франција – Шпанија – Сан Себастијан**

**22 Април** – По вечерното возење низ Франција и Шпанија околку пладне пристигнуваме во Сан Себастија, град на ривиерата на Атланскиот океан, на север од Шпанија, познат како една од најомилените дестинации за туристите во Шпанија. По сместувањето во хостелот, обиколка на овој шармантен град, познат и по локалното баскијско име Доностиа: една од најубавите градски плажи во Европа ( Ла Конча и Ла Суриола ), омилена помеѓу сурферите, кои се постојани туристи во текот на целата година, дворецот Мирамар, паркот Ел Пико дел Лоро, тесните и криви улички на стариот град, разни дела на модерната архитектура, која во овој град почнува да цвета кон крајот на 19 век. По обиколката следи слободно време, а во вечерните часови уживање во традиционално добра забава – живи и разиграни улици, преполни со млади луѓе и насмеани лица .... враќање во хостел, индивидуален. Ноќевање.



**4 ден: Сан Себастиан – Билбао – Шпанија**

23 Април - По појадокот напуштање на собите и пакување на куферите за нови доживувања. Поаѓање кон Билбао, баскијската престолнина, позната по силниот локален патриотски идентитет и специфичниот јазик ( еускера ) , кој значајно се разликува од шпанскиот. Во овој град правиме пауза во траење од неколку часа ( макс. 5 часа ) . Обиколка почнуваме во стариот град ( Кварт 7 – улица ), ја посетуваме Катедралата Сантијаго, црквата на Св. Никола, на Свети Антон со истоимениот мост, живописниот пазар Рибера.... во слободно време – наша препорака е музејот на модерната уметност Гугенхајм, чие авангардно архитектонско дело го осмисли американецот Френк Гери... продолжување на патувањето кон Порто после паузата... вечерно возење преку Шпанија и Португалија....

**5-8 ден: Шпанија – Португалија – Порто**

**24 – 27 Април –** По ноќното возење доаѓаме во Порто, град втор по големина во Португалија. Порто е тотално контрастен град во однос на португалската престолнина, Лисабон: наместо широките булевари, ќе Ве дочекаат калдрми и единствена архитектура својствена на овој град , со необични фасади во интересен маварски стил ( кој е пренесен во Бразил и познат е како колониален стил ) , загасити и пастелни бои, неколку големи цркви од средниот век, шармантното шеталиште на ривиерата на реката Дуро, која ги пренесува звуците од автентичните кафулиња со музиката Фадо ( традиционале стил на пеење во Португалија. Над реката Дуро доминира стариот мост, еден од најпрепознатливите симболи на градот ... покрај архитектурата и самите луѓе и традиционалниот дух Ве враќаат 30 –тина год. наназад .... Ќе посетиме неколку локални винарии и ќе пробаме едни од највкусните вина во светот ( португалските вина се надалеку познати во светот и познати по специфичниот мирис ) ќе окусиме прекрасни колачиња и кроасани од пекарите, а во вечерните часови ќе прошетаме покрај реката, а по желба и возење со дрвениот трамвај ... ( сместување во хостели , 4 ноќевања ).



**9 ден: Порто – Португалија – Шпанија**

**28 Април -** Појадок . По појадокот заминуваме. Последниот ден во Порто ќе го искористиме за се што сме пропуштиле од предходните денови... за сите оние кои сакаат шопинг Порто е идеален град за шопингување, пристапни цени и секој може да пронајде нешто .... исто така препорачуваме и возење со новиот лесен петроом или посета на локалниот стадион... во вечерните часови одиме во некој од локалните барови на по еден коктел пред заминувањето. Ноќно возење преку Португалија и Шпанија...

Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ**`` ул. Македонија - Палата Македонија – Скопје
Лиценца А
Тел: 02 3100 199 / 3100 177 Факс: 02 3118 381
``**ТЕРРА ТРАВЕЛ**``- Куманово ул. Илинденска б.б. Тел: 031 550 747 Факс: 031 550 748
www.terratravel.com.mk Terratravel terratravel@terratravel.com.mk




**10 ден: Шпанија – Мадрид**
**<u>29 – 30 Април</u> –** По вечерното возење преку Португалија и Шпанија,
пристигнување до Шпанската престолнина и една од највозбудливите градови на Европа – Мадрид ! Сместување во хостел и заминување на панорамски разглед на градот: Пуерта Дел Сол ( сончевата капија ), Кралската палата, Кралскиот театар, Катедралата Алмудена, Пуерта де Толедо, Нептуновиот плоштад, Плоштадот Сибелес, паркот Ретиро, Капијата Алкала, квартот Саламанка, Националната библиотека, плоштадот на Колумбо, Шпанскиот плоштад, Гран Виа. По завршетокот на разгледот, слободно време низ центарот на градот ... Мадрид ни нуди разни можности за забава, разонода, прекрасен ноќен живот ... да го искористиме секој момент поминат во оваа пулсирачка метропола! Другиот ден постои можност за факултативен излет до Толедо. Едночасовно возење до некогашната престолнина на Шпанија, која и денес многу шпанци ја викаат `` Царски град``. Изграден на реката Тахо, денес по заштита на Унеско. Во градот доминира царскиот дворец ( Алказар ) во кој и денес е сместен војниот музеј. Обикола на величенствената готска катедрала со прекрасни витражи од XV и XVI век и дела од Гоја и Ел Греко, црквата на Св. Тома со ремек делото ма Ел Греко `` погребот на ``Грофот од Органза `` и Синагогата `` Света Марија Бланка`` . Слободно време за индивидуални прошетки по тесните улички преполни со разноразни продавници, со задолжителна посета на некој од многубројните локални продавници за марципан ... ( 2 ноќевања во Мадрид ).



**12 ден: Мадри – Шпанија – Франција:**
**<u>01 Мај –</u>** Појадок. Напуштање на хотелот. Ден за уживање во Мадрид со сите негови магичности – препуштите се на шармантните шпанци, уживајте во спектакуларната архитектура на градот, посетите некој од познатите `` тапас`` - барови , пробајте шпанска тортиња .... во раните вечерни часови поаѓаме за Марсеј, нашата финална дестинација .... ноќно возење преку Шпанија и Азурната **ривиера.**
**13 ден: Марсеј – Италија – Словенија – Хрватска**
**<u>02 Мај –</u>** По ноќното возење пристигнуваме во Марсеј – најголемото француско пристаниште и едно од најголемите пристаништа на Средоземието, град втор по големина во Франција, престолнина на прекрасната Прованса, надалеку позната по виното, виноградите, опуштениот животен стил, прекрасни пејзажи во кој многу сликари ја нашле својата инспирација- Ван Гог, Пикасо ....
Марсеј е опуштен и лежерен град, со светли бои, сино море и дружељубиви луѓе. Ќе минеме низ неговите улички, ќе ги посетиме катедралите Нотрдам де ла Гарде, палатата Лонгшамп и прекрасната градска плажа.... летото во овој крај доаѓа пред време ! Во вечерните часови продолжуваме со ноќно возење низ Франција, Италија, Словенија и Хрватска ...
**14 ден: Србија – Белград**
**<u>03 Мај –</u>** По ноќното возење , пристигнување во Белград во попладневните часови. Крај на патувањето.

**Аранжманот опфаќа:**

- Превоз со модерен високо туристички автобус на наведените релации
- 1 ноќевање со појадок ( шведска маса / избор на повеќе јадења ) во повеќекреветни соби во хостел со 2 * во Сан Себастиан
- 4 ноќевања со појадок ( шведска маса / избор на повеќе јадења ) во повеќекреветни соби во хостел со 2* во Порто
- 2 ноќевања со појадок ( шведска маса – избор на повеќе јадења ) во хостел со 2 * во Мадрд
- Пратител на групата за цело време на патувањето
- Организација и техничко водство на патувањето

**Аранжманот не опфаќа:**

- Факултативни излети
- Меѓународно патничко и здравствено осигурување
- Доплата за 1/2 соба – на барање
- Индивидуални трошоци на патувањето

Цената е дадена во евра, плаќањето се врши исклучиво во денарска противвредност
Со овој програм важат Општите услови на патување на членките на СКТМ и Т.А ``Терра Травел``

Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ**`` ул. Македонија - Палата Македонија – Скопје
Лиценца А
Тел: 02 3100 199 / 3100 177 Факс: 02 3118 381
``**ТЕРРА ТРАВЕЛ**``- Куманово ул. Илинденска б.б. Тел: 031 550 747 Факс: 031 550 748
**www.terratravel.com.mk** **terratravel@terratravel.com.mk**